ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:19-170/3**

**Дата:** 13.06.2011

**ДО**

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје (во понатамошниот текст ЈП МРД), за 2010 година.

Ревизијата утврди дека е направен напредок во имплементацијата на препораките од претходната ревизија за 2006 година, со оглед на тоа што дел од препораките се спроведени или се превземени активности за нивно спроведување.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и негативно мислење за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈП МРД за 2010 година е констатирано следното:

- При основањето на јавното претпријатие во Централниот регистар на РМ не е запишан оснивачкиот влог на основачот - Влада на РМ поради што државниот - јавен капитал на ЈП МРД не е реално и објективно искажан во финансиските извештаи (точка 4.2.1);
- Не е извршено усогласување на актите (правилници за внатрешна организација и систематизација на работните места, за плати и надоместоци од плати, и други акти), и не е донесен Ценовник за надоместок за

корисниците на јавни електронски комуникациски услуги, согласно измените и дополнувањето на Законот за основање на ЈП МРД, од април 2009 година (точка 4.2.2 и 4.2.7);

- ЈП МРД нема основано единица за внатрешна ревизија и не се обезбедени објективни услови за воведување на целосна финансиска контрола поради што постои ризик управувањето со јавните средства да не е согласно законската регулатива (точка 4.1.1 и 4.2.5);
- Не се применува пресметковна основа согласно МСС 1 за искажување на приходот од радиодифузната такса во трговските книги и финансиските извештаи (точка 4.2.6);
- Извршено е пресметување и наплата на приходи од давање на простор под закуп и надомест за префактурирање на потрошената електрична енергија во 2010 година, врз основа на Ценовник од 1998 со измени во 2003 и 2005 година и Ценовник од 2007 година, со примена на различни цени за ист простор и опрема, непочитување на процедурите и постапките пред и по склучувањето на договорите, не се врши редовно и навремено фактурирање на приходите и надоместот за потрошената електрична енергија, постои некомплетна и неуредна документација во досиејата на закупците и не се врши редовно и континуирано следење и контрола на промените настанати по давањето на просторот под закуп (точка 4.3.1, 4.3.2,);
- Не се целосно евидентирани побарувањата и обврските кои се однесуваат на известувачкиот период (точка 4.3.6 и 4.3.9);
- Кај материјалните средства утврдена е неусогласеност во вредноста евидентирана во трговските книги и книгата на основни средства, при што вредноста на материјалните средства (градежни објекти и земјиште) не е потврдена со пописот, и за поголем дел од објектите и земјиштето не се обезбедени документи за сопственост и нивно запишување во надлежниот катастар (4.3.4 и 4.3.5);
- При евидентирањето на средствата од донација, не се применуваат во целост МСС, поради што се утврдени сметководствени грешки кои влијаат на реалноста и објективноста на позициите во финансиските извештаи за 2010 година и неправилно е пресметана и платена обврска за данок од добивка за 2010 година (точка 4.3.3) и (4.3.11);

Со цел подобрување на состојбата во ЈП МРД ревизијата дава препораки во насока на превземање на активности за утврдување на основачкиот влог и негово упишување во Централниот регистар на РМ, усогласување на Статутот и актите и донесување на Ценовник согласно измените на Законот за основање на ЈП МРД.Ревизијата препорачува ЈП МРД во соработка со УЈП и ЈП МРТ да воспостават соработка во насока на обезбедување на податоци за искажување на побарувањата и приходот од радиодифузна такса на пресметковна основа, целосно почитување на донесените процедури и постапки и зајакнување на интерните контроли кај приходот од закуп на деловен простор. За утврдените сметководствени грешки кај побарувањата и обврските да се спроведат

соодветни книжења во трговските книги и истите да бидат презентирани во финансиските извештаи за 2011 година. Со цел да се намали ризикот и управувањето со јавните средства да се врши на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин ревизијата препорачува да се основа единица за внатрешна ревизија и да се обезбедат објективни услови за финансиска контрола.

Во поглавјето за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, точка 6 од ревизорскиот извештај, ревизијата ги обелодени состојбите во врска со:

- покривањето на трошоците на ЈП МРД за пренос на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранискиот канал и за иселениците кои треба да се обезбедат од Буџетот на РМ;
- реализацијата на проектот „Компјутер за секое дете“;
- реализацијата на проектот за дигитализација;
- вонбилансната евиденција на опрема добиена како донација од странство во периодот од 2000 до 2002 година.
- судските спорови на ЈП МРД во кои е тужител или тужена странка, како и меѓународниот спор кој се води во Лондон – ТАРБС .

# 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 32 до 35 заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје (во понатамошниот текст ЈП МРД ) кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на капиталот и резервите за 2010 година, Извештај за паричниот тек, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2006 година и е издаден извештај за финансиските извештаи на ЈП МРД во кој не е изразено мислење за финансиските извештаи а изразено е мислење со резерва за законското и наменско користење на финансиските трансакции за 2006 година. Не е вршена ревизија за годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Јулијана Спировска - директор на ЈП МРД.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ЈП МРД се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Поради прашањата опишани во делогруг на ревизијата –ревизорски постапки ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Субјектот поради објективни причини не обезбедил услови за почитување и спроведување на веќе донесените пишани процедури од аспект на финансиска контрола, не е запишан износот на основачкиот влог во Централниот регистар на основачот - Владата на РМ, не се реално и објективно прикажани побарувањата и приходот од радиодифузна такса и не се применува пресметковна основа односно во ФИ се искажани на готовинска основа, ЈП МРД нема донесено Ценовник за надоместок со утврдени цени на на трговските радиодифузни друштва кои користат јавни електронски комуникациски услуги при преносот и емитувањето на програмските сервиси, нереално и необјективно се презентирани приходите по основ на закуп поради фактурирање по различни ценовници, не се врши соодветно префактурирање за потрошената електрична енергија, не е реално искажана даночната основа во Даночниот биланс, не е обезбедената комплетна

документација за имотот и опремата која ќе биде основа за вршење на попис, не постои целосна и точна евиденција на обврските и побарувањата од купувачите, не се потврдени состојбите на искажаните краткорочни и долгорочни кредити. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи за 2010 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.03.2011 до 17.05.2011 година кај ЈП МРД од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2006 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог број 1 кој е составен дел на овој извештај.

Статусот на постапување по препораките од ревизијата е даден во следната табела:

| **Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата** | **2006 година** | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **процент** |
| Спроведени | 8 | 36% |
| Делумно спроведени | 5 | 23% |
| Во тек | 4 | 18% |
| Неспроведени | 4 | 18% |
| Неспроведливи | 1 | 5% |
| **Вкупно:** | **22** | **100%** |

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 26.05.2011 година.

На Нацрт извештајот добиени се забелешки под број 03-693/2 од 13.07.2011 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 19-170/5 од 14.07.2011 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот освен забелешките под точките 4.3.1 став 1 алинеја 6 и 4.4.4 став 1 алинеја 1 кои делумно се прифаќаат со бришење на дел од речениците. Дел од доставените забелешки претставуваат коментари по изнесените констатации во Нацрт извештајот или дадени појаснувања и образложенија за причините поради кои се настанати одредени состојби како и преземените мерки и активности за спроведување на препораките дадени од ревизијата.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1 При оцена на ситемот на интерни контроли ревизијата констатира дека во ЈП МРД не се обезбедени објективни услови за почитување и спроведување на донесените процедури и постапки од аспект на финансиска контрола согласно одредбите од член 7, 14, 15, 16 и 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, поради непополнети работни места во Секторот за економски работи.

Во 2009 и 2010 година, и оние работни места кои биле пополнети се испразнети, односно не е назначен раководител на одделението за финансии и сметководство од март 2009 година, а контерот и ликвидаторот, заминале во пензија во март односно јули 2010 година. И покрај барањата доставени од страна на ЈП МРД за добивање согласност за вработување на испразнетите места, истото не е одобрено од Министерството за финансии. Поради наведеното не е обезбедено целосно, точно, прецизно и ажурно сметководство на сите трансакции во трговските книги и постои ризик од ненаменска и незаконска исплата на јавни средства.

**Препорака**

Директорот на ЈП МРД да обезбеди стручен, професионален и компетентен кадар во секторите и одделенијата согласно систематизацијата на работните места со кои ќе се обезбеди почитување и спроведување на донесените процедури и постапки во работењето заради функционирање, следење и развој на ефикасен систем на финансиски менаџмент и контрола.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1 ЈП МРД е основано со Закон за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија во јануари 1998 година. Претпријатието е запишано во трговскиот регистар со решение од јуни 1998 година при Основен суд Скопје 1 Скопје, а во 2008 година и во Централниот регистар на РМ, без да се запише износот на основачкиот влог на основачот-Владата на РМ, со што не е постапено согласно член 21 од Законот за трговски друштва и член 10 став 1 т. 3 од Законот за јавните претпријатија, со кој се уредува износот на средствата за основање и начинот на нивното обезбедување. Поради необезбедени релевантни докази државниот јавен капитал не е реално и објективно искажан во трговските книги и во Билансот на состојба во износ од 365.360 илјади денари.

Во текот на 2010 и 2011 година, во однос на основачкиот влог и капиталот на ЈП МРД, испратени се дописи до МФ и до Централниот регистар на РМ со барање за начинот на постапување, меѓутоа не е добиен конкретен одговор од овие институции.

**Препорака**

Надлежните органи на претпријатието во соработка со основачот – Владата на РМ да ги превземат потребните активности за утврдување на основачкиот влог на претпријатието и да изврши негово упишување во Централниот регистар.

4.2.2 Статутот на ЈП МРД, донесен во мај 1998 година не е усогласен со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на ЈП МРД, („Сл. весник на РМ„ бр. 48/2009) во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила, што не е во согласност со член 16 од истиот. Според Акциониот план усвоен и одобрен од Владата на РМ рокот бил утврден до јули 2009 година. Поради наведеното, не е извршено усогласување на правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места, правилникот за плати и надоместоци од плати, и други акти на ЈП МРД.

Ваквата состојба има за резултат функционирање и извршување на радиодифузна дејност врз основа на Статут и акти за организација,

управување и раководење со ЈП МРД кои не се усогласени со Законот за основање на ЈП МРД.

На крајот на 2009 година подготвени се предлог текстови на Статутот и актите, согласно измените на Законот, но истите `сеуште не се одобрени и донесени.

**Препорака**

Директорот и стручните служби во ЈП МРД да ги преземат сите предвидени активности со цел усогласување на Статутот и актите согласно измените на Законот за основање на ЈП МРД од април 2009 година.

4.2.3 Основачот – Владата на РМ нема именувано членови на УО и Надзорен одбор на ЈП МРД, согласно член 10 став 2 и 3 и член 13 од измените и дополнувањата на Законот за основање на ЈП МРД, од април 2009 година. Во изминатиот период директорот на ЈП МРД на неколку пати ја информирал Владата на РМ за обврската за постапување по овие измени на законот, за што доставила дописи во текот на 2009 и 2010 година, но до денот на ревизијата Владата не донела одлуки за именување. Членовите од стариот УО и Надзорен одбор продолжуваат да ја извршуваат својата работа и во 2010 година, при што донесуваат акти и превземаат дејствија за кои се доведува во прашање нивната веродостојност и легитимност.

Како резултат на горенаведеното, директорот на ЈП МРД нема склучено договор со УО за уредување на односите со јавното претпријатие, како што е предвидено во член 15 став 3 од наведениот закон и не е во согласност со одредбите од Законот за јавните претпријатија и Законот за основање на ЈП МРД, и може да влијае на секојдневното функционирање на субјектот во правниот промет.

**Препорака**

- Владата на РМ како основач на ЈП МРД во најкраток можен рок да донесе одлуки за именување на членови на УО и Надзорен орган согласно законските прописи.
- Директорот на ЈП МРД да склучи договор со УО за уредување на односите со Јавното претпријатие, со кој поединечно ќе се утврдат неговите права, обврски и одговорности согласно закон.

4.2.4 Управниот одбор на ЈП МРД, за годините во кои е искажана загуба од работењето од 2006 и 2007 година во вкупен износ од 82.297 илјади денари, нема донесено Одлука за начинот на покривање на загубите. Ваквата состојба не е во согласност со член 19 од Законот за јавните претпријатија и член 484 од Законот за трговските друштва и има за ефект оневозможување на Владата на РМ како основач да превземе мерки за отстранување на неповолната финансиска состојба на ЈП МРД.

**Препорака**

УО кој ќе биде именуван од Владата на РМ согласно Законот, да преземе активности за навремено донесување на потребните акти за начинот на покривање на загубите искажани во Финансиските извештаи.

4.2.5 Во ЈП МРД нема основано единица за внатрешна ревизија што не е во согласност со член 30 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола поради што на раководителот на субјектот од јавниот сектор не му е обезбедено независно, објективно уверување и совет, со цел подобрување на работењето и зголемување на ефективноста за внатрешна контрола поради што постои ризик управувањето со јавните средства да не се врши на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

**Препорака**

Директорот на ЈП МРД да основа единица за внатрешна ревизија со цел подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на внатрешната контрола.

4.2.6 ЈП МРД има донесено Одлука за примена на сметководствени политики согласно МСФИ во 2004 година, со кои признавањето на приходите го врши по два основа односно на наплатена и фактурирана реализација. Согласно Законот за радиодифузна дејност, работите во врска со водењето на регистарот на обврзници за плаќање на радиодифузната такса го врши МРТ а почнувајќи од 01.01.2011 година наплатата на средствата го врши Управата за јавни приходи, поради што ЈП МРД не располага со податоци за обврзниците на радиодифузна такса за 2010 година и нема увид во наплатата на истата. Согласно член 148 и 149 од Законот, со кои е уреден начинот на наплата и распределба на радиодифузната такса по корисници, приходите од радиодифузна такса ЈП МРД ги искажува врз основа на наплатена реализација како резултат на добиените средства на сметката во 2010 година, во вкупен износ од 40.825 илјади денари, по распоредот на наплатената радиодифузна такса по корисници од собирната сметка отворена за оваа намена во Комерцијална банка. Согласно законот, 16% од прибраните средства ЈП МРД треба да ги користи за изградба, одржување и употреба на јавната радиодифузна мрежа и 3,5% за развој.

Овој начин на прибирање и евидентирање на средствата од радиодифузната такса оневозможува ЈП МРД да има активен однос кон превземање на директни активности и политики за подобрување на наплатата која е основ за реализација на приходот, изградбата, одржувањето и развојот на радиодифузната мрежа односно да не располага со точни податоци за очекувани приливи по овој основ. Поради наведеното не се реално и објективно искажани побарувањата и приходот од радиодифузна такса односно не се применува пресметковна основа за искажување на приходот.

Ова не е во согласност со т. 22 и 94 од Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи и МСС 1 од Правилникот за водење сметководство, член 469 од Законот за трговски друштва и член 7 став 1 од Законот за јавните претпријатија.

**Препорака**

Органите за управување и раководење, стручните служби на ЈП МРД да воспостават соработка со Управата за јавни приходи и ЈП Македонска радио телевизија во насока на обезбедување на податоци за искажување на побарувањата и приходот од радиодифузна такса на пресметковна основа со цел реално планирање на приходите потребни за одржување и развој на јавната радиодифузна мрежа.

4.2.7 ЈП МРД нема донесено Ценовник за надоместок со утврдени цени на корисниците - трговски радиодифузни друштва кои користат јавни електронски комуникациски услуги при преносот и емитувањето на програмските сервиси, како што е предвидено во член 16 став 3 од измените и дополнувањата на Законот за основање на ЈП МРД од април 2009 година. (со Акциониот план утврден е рок до јули 2009). До денот на ревизија не е формирана работна група за изготвување на нов ценовник, освен усмени предлози – мислења од одделни лица. Поради наведеното, постојните договори за закуп склучени меѓу ЈП МРД и корисниците на услуги (оператори на комуникациски услуги) во делот на одредбите за наплата за користење на јавни електронски комуникациски услуги при преносот и емитувањето на програмските сервиси не се усогласени со измените и дополнувањата на Законот за основање на ЈП МРД од април 2009 година, односно истиот не се наплатува.

Недонесувањето на акт за утврдување на надоместок со цените на корисниците на услуги влијае на висината на остварениот приход на ЈП МРД, а со тоа и на покривањето на трошоците од редовното работење на претпријатието.

**Препорака**

Директорот да преземе активности за изработка на предлог Ценовник и истиот да го даде на натамошно усвојување на УО, со цел негово донесување, а по претходна добиена согласност од Владата на РМ.

4.2.8 Управниот одбор на ЈП МРД во февруари 2009 година донел Одлука со која ја прифатил информацијата за утврдување на бруто платата во 2009 година поднесена од директорот со која основната плата на вработените утврдена со Правилникот за плати, надоместоци од плати и други примања се зголемува за износот на трошоци поврзани со работа по основ на исхрана за времена работа и превоз до и од работа пресметани согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите на РМ

(„Сл.весник на РМ„бр. 161/2008). Истовремено, во Одлуката е укажано стручните служби на ЈП МРД да изготват решенија за сите вработени за зголемување на платата со трошоците наведени во точка 2 од истата. Ревизијата констатира дека актите, решенијата и договорите за работа на вработените за исплата на плата во 2010 година не се променети, што може да влијае на висината на поединечните пресметки и исплати на плати на вработените како и целосно законско спроведување на концептот на бруто плата. Во текот на спроведување на ревизијата, во мај 2011, Директорот на ЈП МРД има склучено Анекс договори со вработените со што е извршена промена на актите и целосно е применет концептот на бруто плата, поради што ревизијата не дава препорака.

4.2.9 Во периодот од 2001 до 2010 година ЈП МРД добива државна подршка преку донација во опрема, странска помош преку финансирање од странска држава и опрема набавена со средства од приватизацијата на Македонски Телеком, при што во трговските книги и во ФИ се применува МСС 20 – приходниот пристап. За ваквиот начин на евидентирање и презентирање во ФИ не е пропишана политика во Одлуката за примена на сметководствените политики согласно МСФИ од 2004 година. Овој акт не е ревидиран и усогласен со новите МСС и МСФИ, објавени во „Сл. Весник на РМ„ бр. 159/09 со примена од 1.01.2010 година што може да влијае на реалноста и објективноста на позициите во Финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за економски работи да извршат ревидирање и усогласување на Одлуката за примена на сметководствените политики донесена по МСФИ од 2004 година, согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во Правилникот за водење сметководство во „Сл. Весник на РМ „бр. 159/09 и дополнувањата во „Сл. весник на РМ„бр. 164/10.

## 4.3 Финансиски извештаи

### Биланс на успех

4.3.1 Ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на пресметаниот приход по основ на давање на простор под закуп за 2010 година во вкупен износ од 29.643 илјади денари, поради следното:

- Во текот на 2010 година се врши фактурирање и наплата на побарувања за закуп по цени и услови на плаќање по Ценовникот на услугите од 1998 година, со измените и дополнувањата на Ценовникот од 2003 и 2005

година, за кои нема согласност од Владата, и по Ценовникот на услугите од април 2007 година.

- И покрај тоа што во одделни договори склучени пред донесувањето на Ценовникот од 2007 година постои можност за еднострано раскинување на договорот, без правни последици за јавното претпријатие, ЈП МРД нема извршено раскинување на истите и нивно ревидирање односно склучување на нови договори по цени и услови предвидени со донесувањето на новиот Ценовник од 2007 година.
- Дел од документацијата, потребна да се склучи договор и да се утврди надомест за закуп, не е комплетирана во одделни предмети и не е средена по хронолошки редослед со списи на акти, што остава можност истата да се изгуби од објективни или субјективни причини и создава ризик од доделување на договор без потребна веродостојна документација.
- Нецелосно почитување на процедурата за склучување на договор посебно во делот на изготвување на записници при монтажа на местото на локација на опремата.
- Дел од записниците за монтирана опрема не се потпишани од двете страни (корисникот и давателот на услугата) што укажува на недостиг на контрола при монтажа на опремата.
- Во изминатиот период на одделни корисници, не им било редовно и навремено фактурирано, иако користеле простор и имало монтирана опрема, на повеќе локации, поради несклучени договори.
- Ненавремено се доставуваат информациите за констатирани промени на користените услуги од страна на надворешните корисници кои се основ за ажурно фактурирање на истите.
- Не постои редовно и континуирано следење и контрола на промените настанати по основ на менување или изградба на нови градежни објекти на локациите низ територијата на Републиката со кои стопанисува јавното претпријатие, контрола за постоење на дозволи за градба и извршен технички прием на истите, како и регулирање на наведените состојби во самите договори.
- Не се врши редовна пресметка на камата во случаите на ненавремено плаќање на обврските од страна на корисникот во текот на годината, иако е предвидено во договорите и во Законот за облигациони односи (член 266 и 267).

Ваквиот начин на работење не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1, МСС 17 и МСС 18, член 469 и 472 од Законот за трговски друштва и член 7 од Законот за јавните претпријатија, што има за ефект нереално и необјективно презентирање на приходите во трговските книги и ФИ за 2010 година. Ваквата состојба предизвикува дел од корисниците бесправно да го користат деловниот простор на објектите на ЈП МРД со можност од нанесување на штета на претпријатието и на другите корисници

по тој основ, можност од неовластено монтирање на опремата, нерамноправна положба на корисниците поради примена на различни цени за ист простор и опрема и овозможување на противправна имотна корист на закупците на терет на државата.

**Препораки:**

Директорот на ЈП МРД, заедно со стручните служби задолжени за пресметувањето и наплатата на побарувањата по основ на закуп, да преземе соодветни мерки и активности, и тоа:

- Да се изврши ревидирање на договорите во сите случаи каде е можно согласно Ценовникот за 2007 година, а по донесувањето на новиот Ценовник согласно измените на Законот за основање на ЈП МРД, од април 2009, целосно ревидирање и усогласување на цените на сите склучени договори со закупците.
- Да се комплетираат досиејата со список на акти по хронолошки редослед.
- Да се почитуваат целосно донесените пишани процедури и постапки од страна на лицата задолжени за пресметка и наплата на побарувањата.
- Да се подобри системот на интерни контроли за проверка на примената на постапките пред и по склучувањето на договорите со закупците.
- Да се врши редовно и континуирано следење и контрола на промените настанати по основ на менување или изградба на нови градежни објекти на локациите низ територијата на Републиката со кои стопанисува јавното претпријатие, контрола за постоење на дозволи за градба и извршен технички прием на истите, како и регулирање на наведените состојби во самите договори.
- Да се врши пресметка на камата во случаите на ненавремено плаќање на обврските од страна на корисникот, согласно договорите и Законот за облигационите односи.

4.3.2 Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на извршеното префактурирање за потрошената електрична енергија по основ на давање на простор под закуп за 2010 година во вкупен износ од 8.639 илјади денари, поради следното:

- Пресметувањето и задолжувањето на закупците се врши со изготвување на фактури врз основа на месечни прегледи изготвени од Секторот за заедничка техника, со податоци за месечна потрошувачка на електрична енергија по комитенти, преку контролни броила, или паушал врз основа на износот во KWh, утврден во прилог на договорот. Кај најголем дел на комитенти и локации искажан е паушал. Овие прегледи за одделни комитенти се дополнуваат од одделението за комерција, врз основа на податоци за месечен паушал или врз основа на лист рачно напишан од одредено лице вработено во ЈП МРД, при што не се врши усогласување на

податоците од Секторот за заедничка техника со податоците за фактурирање од одделението за комерција;

- Во Ценовникот од 1998 година е регулиран начинот за надомест на потрошената електрична енергија од закупците врз основа на реална потрошувачка преку контролно броило, при што утврдена е долна граница над која мора да постави контролно броило (потрошувачка на уред до 100 Wh);
- Во Ценовникот од 2007 година не е прецизиран начинот на пресметување на надоместокот за потрошена електрична енергија, што значи дека закупците се должни да ја надоместуваат реалната потрошувачка, врз основа на контролно броило.
- На дел од корисниците за одделни локации на кои е монтирана опрема воопшто не се врши префактурирање за потрошената електрична енергија, а кај оние кај кои се фактурира во најголем број на случаи се врши паушално наместо на база на реалната потрошувачка преку контролно броило.

Ваквиот начин на работење влијае на неправилно и неточно задолжување на закупците поради што голем дел од потрошената електрична енергија не се надоместува и истата паѓа на терет на ЈП МРД што не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1, МСС 17 и МСС 18, член 469 и 472 од Законот за трговски друштва и член 7 од Законот за јавните претпријатија. Ефектот е нереално и необјективно искажување на расходите по основ на извршеното намалување за префактурирањето на потрошувачката во трговските книги и ФИ за 2010 година што создава можност за стекнување на противправна имотна корист од страна на закупците.

**Препорака**

Директорот на ЈП МРД, заедно со стручните служби задолжени за пресметувањето и наплатата на побарувањата по основ на префактурирање на потрошената електрична енергија на закупците, да преземе соодветни мерки и активности, за редовно и навремено фактурирање за потрошената електрична енергија на сите закупци врз основа на реалната потрошувачка преку читање на состојбите од контролни броила, за што ќе бидат изготвени комплетни и веродостојни прегледи и пресметки, контролирани и одобрени од страна на овластени лица и раководител на сектор.

4.3.3 Даночната основа која што е искажана во Даночниот биланс за 2010 година во износ од 1.640 илјади денари не е реално и објективно искажана поради неточно внесени податоци за износот на непризнаените расходи од тековната година и износот на даночниот кредит за расходите со одложено признавање, што не е во согласност со член 4 од Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од добивка и спречување од

двојното ослободување или двојното оданочување и член 49 од Законот за данок од добивка, и тоа за:

- Износот на пресметаните и исплатени надоместоци на членовите на УО и Надзорниот одбор во висина од 50% од исплатениот износ, како и износот на пресметаните и неисплатени надоместоци до 31.12.2010 година.
- Износот на отпишаните, а наплатени побарувања во 2010 година за кои е поднесена тужба од 2.092 илјади денари и е искажан во даночната основа во ДБ за 2009 година, во ДБ за 2010 година не е искажан во даночниот кредит за расходите со одложено признавање. За овој износ треба да се намали основицата за данок од добивка.
- Утврдените сметководствени грешки од страна на ревизијата кои влијаат на зголемување/намалување на приходите/расходите, има за резултат промена на искажаниот финансиски резултат во БУ за 2010 година, а дел од нив влијаат и на промена на даночната основа во ДБ за 2010 година, а со тоа и на пресметаната и платена обврска на данокот од добивка за годината – предмет на ревизија.

Горенаведеното има за ефект неточно пресметана и платена обврска на данок од добивка за 2010 година што не е во согласност со МСС 1 и МСС 12 од Правилникот за водење сметководство и член 469 од Законот за трговските друштва.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за економски работи при утврдувањето на даночната основа да ги применуваат во целост донесените законски и подзаконски прописи.

**Биланс на состојба**

4.3.4 Во трговските книги и ФИ со состојба на 31.12.2010 година, евидентирана е вредност на земјишта и шуми во износ од 218.891 илјади денари и набавна вредност на градежните објекти во износ од 266.676 илјади денари, за кои при вршењето на попис со 31.12.2010 година од страна на пописните комисии не се обезбедени документи како доказ за сопственоста на земјиштето и градежните објекти, со податоци за локацијата и површина на имотот односно не е извршено усогласување и сведување на сметководствената на фактичката состојба со 31.12.2010 година. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Правилникот за начинот и роковите на вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, член 473 од Законот за трговските друштва и член 155 до 158 од Законот за катастар на недвижности. Во изминатиот период спроведувани се постапки за утврдување на имотно правната состојба на земјиштето и градежните

објекти, за што е изготвен извештај со последна состојба 15.09.2008 година, според кој за голем дел од евидентираното земјиште и градежните објекти на територијата на РМ, ЈП МРД не располага со соодветна документација. Не обезбедената комплетна документација за имотот која ќе биде основа за вршење на попис и потврдување на искажаните состојби на земјиштето и градежните објекти, влијае на реалното и објективното прикажување на состојбите во трговските книги и ФИ.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во ЈП МРД да превземат мерки и активности за запишување на сопственоста во надлежните катастри и вршење попис на земјиштето и градежните објекти согласно законските прописи.

4.3.5 Во трговските книги и ФИ со состојба на 31.12.2010 година, евидентирани се материјални средства со сегашна вредност од 340.129 илјади денари. Со ревизијата утврдени се одредени неправилности во искажувањето на вредноста на овие средства, и тоа:

- Набавната вредност на градежните објекти во книгата на основни средства е поголема во однос на трговските книги за износ од 6.758 илјади денари, а кај опремата е помала за 7.372 илјади денари.
- Исправката на вредност на градежните објекти во книгата на основни средства е поголема во однос на трговските книги за 4.841 илјади денари, а кај опремата е помала во износ од 4.855 илјади денари.
- Сегашната вредност на градежните објекти во книгата на основни средства е поголема во однос на трговските книги за 1.917 илјади денари, а кај опремата е помала во износ од 2.517 илјади денари.
- Извршен е отпис на расходуваните средства од евиденцијата со вкупна набавна и исправка на вредност од 12.471 илјади денари, што не е во согласност со Правилникот за водење сметководство - МСС 16 и член 11 од Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства, според кои расходуваните средства и понатаму треба да останат во сметководствената евиденција, `се до моментот на нивно отуѓување, продажба или давање како донација на други правни или физички лица. Доколку истите бидат избришани од сметководствената евиденција, истото може да предизвика овие средства да бидат злоупотребени и да бидат искористени за лични потреби. Во Одлуката за примена на сметководствени политики согласно МСФИ за 2004 година, донесена од ЈП МРД не е пропишана политика за начинот на постапување со расходуваните средства. Во одлуката за попис е наведено дека расходуваните средства треба да се соберат, да се формира комисија за процена на вредноста на средствата како отпад и да предложи решение. До денот на ревизијата не е формирана комисија и не се

превземени никакви активности во врска со расходот. На ист начин е постапувано и со утврдениот расход со пописот за 2007, 2008 и 2009 година, со вкупна набавна вредност од 5.960 илјади денари, исправка на вредност од 5.648 илјади денари и сегашна вредност од 312 илјади денари, односно искнижен е од евиденцијата, при што не е формирана комисија, не се превземени активности за расчистување на расходуваните средства и истите `сеуште стојат на лице место, но не се врши повторен попис.

- Не е утврдена објективната вредност на земјиштето со состојба на 31.12.2010 година, врз основа на пазарна вредност според видот на земјиштето со цена по метар квадратен утврдена и дадена од општината во која се наоѓа земјиштето.

Претходно наведеното не обезбедува целосна потврда на искажаната сметководствена вредност на материјалните средства што не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1 и МСС 16 и со член 469 став 6 од Законот за трговските друштва. Ваквиот начин на работење има влијание на објективноста и реалноста на искажаните билансни позиции на материјалните средства во ФИ со состојба на 31.12.2010 година.

**Препораки:**

- Одговорните лица во Секторот за економски работи да извршат усогласување на податоците за материјалните средства во трговските книги со книгата на основни средства.
- Директорот со стручните служби да преземат активности за формирање на комисија која ќе ја утврди вредноста на расходуваните средства и ќе предложи решение за отуѓување, продажба или донација.
- Одговорните лица во Секторот за економски работи да обезбедат податоци за пазарната вредност на земјиштето од општините со цел да се изврши ревалоризација на земјиштата со кои располага ЈП МРД и објективно презентирање на вредноста на истите во трговските книги и ФИ согласно законските прописи.

4.3.6 Побарувањата од купувачите во вкупен износ од 8.219 илјади денари не се реално и објективно искажани во трговските книги и Билансот на состојба со 31.12.2010 година, што не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1 и член 472 и 476 од Законот за трговските друштва, поради следното:

- Некомплетна и нецелосна евиденција/документација за дадениот деловен простор под закуп на радиодифузните објекти, сопственост на ЈП МРД, нецелосно почитување на пропишаните постапки и процедури и нецелосно примопредавање на предметите (досиејата) помеѓу организационите единици и лицата во ЈП МРД задолжени за пресметување и наплата на побарувањата од закуп и од потрошена електрична енергија.

- Не се евидентирани побарувања од ЈП МРТ во вкупен износ од 93.531,61 еур (79.264,08 еур на кој пресметан е ДДВ од 18% во износ од 14.267,53 еур) односно во денарска противредност од 5.752 илјади денари, поради неизвршено фактурирање за извршени услуги – надоместок за закуп на линии кој имаат комерцијален карактер, согласно т 6.2 од Спогодбата за регулирање на меѓусебните односи во финансирањето на активностите од заеднички интерес, од 26.07.2005 година, за 2, 3 и 12 м 2009 и од 1 до 12 м 2010 година.
- Согласно стандардите за ревизија, а заради потврдување и верификација на состојбата на ненаплатените побарувања со 31.12.2010 година, од страна на ревизијата испратени се 23 конфирмации во вкупен износ од 36.158 илјади денари кои опфаќаат 75% од побарувањата. Од испратените конфирмации до денот на ревизија добиени се одговори од 3 закупци во износ од 4.330 илјади денари, при што потврдена сметководствена вредност изнесува 689 илјади денари, непотврдена сметководствена вредност изнесува 3.641 илјади денари, а за 20 конфирмации во износ од 31.828 илјади денари или 88% од испратените не се добиени одговори. Процентот на покриеност на книговодствената вредност е мал и изнесува 8,63%.
  Согласно наведеното, ревизијата со примена на алтернативните методи не можеше да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните состојби на побарувањата од закуп и потрошена електрична енергија со 31.12.2010 година. Исто така, може да се констатира мал одзив на комининтентите кое оневозможува целосно да се заврши постапката на верификација на побарувањата.

Неиздавањето на фактури за извршените услуги влијае на реалноста и објективноста на искажаните приходи и побарувањата во трговските книги на ЈП МРД што има за резултат помалку искажан финансиски резултат за 2010 година и помалку пресметан и платен ДДВ на државата.

**Препорака**

Одговорните лица задолжени за пресметување и наплата на побарувањата од комитентите редовно и навремено да вршат фактурирање на истите, како и да вршат усогласување на побарувањата со субјектите најмалку еднаш годишно.

4.3.7 Со ревизијата е утврдено дека не се поднесени тужби за ненаплатени побарувања од правни лица во вкупен износ од 26.637 илјади денари, кои претставуваат 66% од вкупно искажаните редовни побарувања со 31.12.2010 година во износ од 40.308 илјади денари, а истите во најголем дел потекнуваат од 2006, 2007, 2008 и 2009 година и за кои, согласно одредбите од склучените договори, требало да бидат тужени. Со ваквиот начин на работење постои ризик од застарување на побарувањата согласно Законот

за облигационите односи и неможност за нивна наплата, а со тоа и неостварен приход од работењето на јавното претпријатие.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за економски работи и Секторот за општи и правни работи, задолжени за следење на наплатата на побарувањата од комитентите редовно и навремено да поднесуваат тужби за наплата на побарувањата по судски пат во случаите кога се исполнети законските услови за тоа.

4.3.8 Вредноста на ненаплатените побарувања за кои се поднесени тужби пред надлежен суд евидентирани на позицијата – Вредносно усогласување на побарувањата во износ од 10.600 илјади денари, не е реално и објективно презентирана во трговските книги и финансиските извештаи за 2010 година, поради следното:

- Во трговските книги не се евидентирани побарувањата кои се утужени во 2010 година во износ од 5.077 илјади денари и не е книжен расход што не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 18 точка 22, а со што постапено е спротивно на член 469 став 6 од Законот за трговските друштва. Овие побарувања не се внесени како непризнаени расходи во ДБ за 2010 година.
- Во текот на 2010 година извршена е наплата на дел од утужените побарувања во 2009 година во вкупен износ од 2.092 илјади денари и наплата на побарувања за кои се поднесени тужби во 2010 година во износ од 535 илјади денари. Со приливот на средства извршено е затварање на побарувањата, но не е искажан приход од наплатени отпишани побарувања што не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1, и член 469 став 6 од Законот за трговските друштва.

Ефектот од неприменување на стандардите утврдени со Правилникот за водење сметководство влијае на искажаните приходи и остварениот финансиски резултат за 2010 година.

**Препорака**

Секторот за економски работи да спроведе соодветни книжења за утврдените сметководствени грешки кај отпишаните побарувања преку исправката на вредност во трговските книги согласно МСС 8 од Правилникот за водење сметководство и истите да бидат презентирани во ФИ за 2011 година.

4.3.9 Обврските према добавувачите по основ на набавки на производи, стоки и услуги, не се реално и објективно искажани во трговските книги и Билансот на состојба со 31.12.2010 година, во вкупен износ од 4.279 илјади денари, што не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1 и МСС

37, а со што постапено е спротивно на член 476 и 479 од Законот за трговски друштва, поради следното:

- Не се евидентирани обврски према ЈП МРТ во вкупен износ од 475 илјади денари, поради некнижени фактури за потрошена електрична енергија и вода, како дел од заедничките трошоци по Спогодбата од 26.07.2005 година, за м 9, 10 и 11 месец 2010 година.
- Не се евидентирани обврски према ЕВН во вкупен износ од 2.866 илјади денари, поради некнижени фактури за потрошена електрична енергија за 3 месеци во текот на 2010 година во износ од 2.513 илјади денари и камата во износ од 353 илјади денари.
- Искажани долговни салда во износ од 938 илјади денари поради неевидентирани, а платени обврски према добавувачи во 2010 година.
- Согласно стандардите за ревизија, а заради потврдување и верификација на состојбата на неизмирените обврски со 31.12.2010 година, од страна на ревизијата испратени се 25 конфирмации во вкупен износ од 21.618 илјади денари кои опфаќаат 97% од обврските. Од испратените конфирмации до денот на ревизија добиени се одговори од 15 закупци во износ од 10.750 илјади денари, при што потврдена сметководствена вредност изнесува 8.857 илјади денари, непотврдена сметководствена вредност изнесува 1.893 илјади денари, а за 10 конфирмации во износ од 12.761 илјади денари или 59% од испратените не се добиени одговори. Процентот на покриеност на книгодствената вредност изнесува 39,89%.

  Поголем дел од добавувачите немаат дадено одговор кое оневозможува целосно да се заврши постапката на верификација на обврските.

Ефектот од неевидентираните обврски према добавувачите се неточно искажани расходи за 2010 година и влијае на искажаниот финансиски резултат за 2010 година.

**Препорака**

Одговорните лица задолжени за евидентирање на обврските према добавувачите редовно и навремено да ги евидентираат во трговските книги, како и да вршат усогласување на обврските со субјектите најмалку еднаш годишно.

4.3.10 Ревизијата не доби релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните обврски по долгорочни кредити во износ од 2.874 илјади денари и доспеаните обврски по долгорочните кредити во износ од 17.269 илјади денари, поради следното:

- Обврските по кредити од странство према Лондонскиот и Парискиот клуб се превземени со Делбениот Биланс со состојба на 31.12.1998 година, а книжењата се спроведени во 2003 година, со Протоколот за регулирање на меѓусебните побарувања и обврски по промените настанати во периодот од 1.01.1999 до денот на усвојување на ДБ од 31.12.2003 година. Во периодот од 2003 година до денот на ревизијата, нема извршено плаќања на достасани ануитети по овие обврски, ниту пак истите се потврдени и усогласени со Министерството за финансии (Агенција за санација на банки) и Стопанска банка АД Скопје, за реалното постоење на обврските по овој основ.
- Не е извршен попис на обврските на начин пропишан во член 13 од Правилникот за начинот и роковите на вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, односно комисијата не ја проверила и утврдила реалноста на искажаните износи односно правниот основ за постоењето на обврските во трговските книги и причините за неплаќање на истите.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со Правилникот за водење на сметководство (МСФИ И МСС) и одредбите од член 469 став 6 и 473 од Законот за трговските друштва и има за ефект нереално и необјективно прикажување на состојбите на сметките во трговските книги и билансните позиции во финансиските извештаи односно проценување на позициите во БС и искажување на приходи односно расходи за каматите и курсните разлики во БУ.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за економски работи да ја проверат реалноста за постоењето на обврските по долгорочните кредити и краткорочните обврски по овие кредити преку усогласување и потврдување со МФ (Агенција за санација на банки) и Стопанска банка АД Скопје.

4.3.11 Во текот на 2009 и 2010 година пресметана е амортизација на опремата - донација од Кралството Норвешка – 3 фаза од проектот Развој на медиуми – дигитализација на микробранова мрежа, во вкупен износ од 6.001 илјади денари, при што не е извршено намалување на состојбата на ПВР - останато одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди, во корист на приходите од донации, за истиот износ.

Не е извршено усогласување на состојбата на ПВР - останати одложени плаќања за трошоци и приходи за идните периоди со сегашната вредност на опремата и вредноста на материјалите и ситниот инвентар на залиха која потекнува од донацијата на државата набавена од средствата од приватизација на Македонски Телеком, за износ од 3.781 илјади денари, и искажан е поголем приход за истиот износ.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со МСС 20 од Правилникот за водење на сметководство и има за резултат нереално и необјективно проценување на позицијата Пасивните временски разграничувања и на приходите од донации во трговските книги и ФИ.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за економски работи при евидентирањето на средствата од донација во целост да ги применуваат сметководствените политики пропишани во МСС 20 од Правилникот за водење сметководство, да извршат корекција на сметководствените грешки во трговските книги за 2011 година согласно МСС 8 и истите да бидат презентирани во ФИ за 2011 година.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

4.4.1 На 22.06.2010 година донесена е Одлука без законски основ со која се одобрува користење на службено возило за вршење на службени работи на претседателот на Управниот одбор, со ретроактивна важност од 01.09.2009 година. Налогот за користење на службеното моторно возило и сметките за потрошеното гориво ги одобрува Управниот одбор еднаш месечно. Во 2010 година, по основ на сметки за потрошено гориво, исплатени се средства во износ од 112 илјади денари.

**Препорака**

Управниот одбор да донесе Одлука со која ќе се укине важноста на горенаведената одлука за користење на службено возило за службени работи на претседателот на Управниот одбор.

4.4.2 ЈП МРД нема издвоено и уплатено средства во Буџетот на РМ, односно 80% од вишокот на средствата остварени од работењето од 2009 година - остварена добивка по оданочување во износ од 5.213 илјади денари, со што не е постапено согласно член 30 став 2 од Законот за јавните претпријатија што има за ефект помал приход во Буџетот на РМ во износ од 4.173 илјади денари.

**Препорака**

ЈП МРД да обезбеди парични средства за уплата на средствата во Буџетот на РМ, согласно измената на Законот за јавните претпријатија во 2010 година.

**Јавни набавки**

4.4.3 Планот за јавни набавки за 2010 година, кој што е донесен и усвоен од УО во кој се дадени поединечно сите планирани набавки за стоки, услуги и работи по видови на постапки што треба да се спроведат во текот на 2010 година, не ја содржи проценетата вредност на договорите за јавни набавки без вклучен ДДВ, што не е во согласност со член 2 од Правилникот за формата и

содржината на годишниот план за јавни набавки и член 26 од ЗЈН и може да има за ефект набавките на стоки, услуги и работи да се вршат над обезбедените средства со финансискиот план и планот за јавни набавки.

**Препорака**

Врз основа на утврдените извори на финансирање, директорот со стручните служби на ЈП МРД да изготват план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи на начин пропишан со Правилникот за форма и содржина на годишен план за јавни набавки, и истиот да биде даден на усвојување на УО.

4.4.4 Со извршениот увид во евиденциите за спроведените постапки со барање за прибирање на понуди и досиејата од спроведени постапки за јавни набавки (отворена постапка), од избраниот примерок, утврдени се поединечни неправилности, дадени во Прилог број 2 од овој извештај, во вкупен износ од 7.625 илјади, кои се однесуваат на следното:

- Во 2 случаи извршен е избор на најповолна понуда чија вредност е повисока од планираните средства за набавка утврдени со Одлуката за јавна набавка, за вкупен износ од 3.022 илјади денари што не е во согласност со член 28 став 2 од ЗЈН.
- Во 3 случаи при спроведувањето на постапките за јавни набавки со вредност на понудите од 2.555 илјади денари, КЈН вршела евалуација на понуди од понудувачи кои не се комплетни поради што истите се и неприфатливи што не е во согласност со член 140 став 7 од ЗЈН.
- Во постапките со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас во текот на 2010 година со вкупна вредност од 1.778 илјади денари, досиејата за јавни набавки не содржат изјави за постоење/непостоење на интереси потпишани од членовите на КЈН што не во согласност со член 173 став 1 ал 11 од ЗЈН.
- Во постапката за набавка на канцелариски материјал, за што склучен е договор на износ од 270 илјади денари, избраниот понудувач доставил документ за регистрирана дејност која не е поврзана со предметот за јавна набавка што не е во согласност со член 148 од ЗЈН.

Спроведувањето на јавни набавки без комплетна, уредна и веродостојна документација по горе наведените основи не е во согласност со член 2 од ЗЈН, во насока на обезбедување на конкуренција, еднаков третман на економските оператори, транспарентност и интегритет, што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки.

**Препорака**

Одговорното лице кај договорниот орган и комисиите за јавни набавки да превземат мерки за обезбедување на комплетна, уредна и веродостојна документација со која ќе се потврди регуларноста и законитоста во спроведувањето на постапките за јавни набавки и ќе се обезбеди јавност и транспарентност.

## Вкупни ефекти од наодите

Поради изнесените наоди кои се однесуваат на незапишаниот капитал во Централниот регистар, неприменување на пресметковна основа за искажување на приходот од радиодифузна такса во трговските книги и финансиските извештаи, пресметувањето и наплатата на приходи од давање на простор под закуп и надомест за префактурирање на потрошената електрична енергија врз основа на два ценовника со различни цени за ист простор и опрема без целосно почитување на процедурите и постапките, нередовно и ненавремено фактурирање на приходите од закуп, неправилно и неточно пресметување на надоместот за потрошената електрична енергија која во најголем дел е паушал наместо реалната потрошувачка, неевидентираните побарувања и обврски кои се однесуваат на пресметковниот период во трговските книги, неусогласеност во вредноста на материјалните средества евидентирана во трговските книги и книгата на основни средства и необезбедени документи за сопственост и нивно запишување во надлежните катастри, неточно искажана вредност на ненаплатените побарувања за кои е поднесена тужба пред надлежен суд, непотврдени обврски по долгорочни кредити евидентирани по Делбен биланс од минати години, евидентирани средства од донација за кои нецелосно и не соодветно е применет приходниот пристап согласно меѓународниот стандард, утврдени сметководствени грешки кои влијаат на зголемување или намалување на приходите и расходите и искажаниот финансиски резултат, неправилно пресметана и платена обврска за данок од добивка поради неточна искажана даночна основа во Даночниот биланс, ревизијата се воздржа од изразување на мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. од овој извештај ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје на ден 31 декември 2010 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3. и 4.4 погоре, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие Македонска Радиодифузија – Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

Обрнуваме внимание на следното:

6.1. Во изминатите години на ЈП МРД не `и се обезбедувани средства за покривање на трошоците за емитување на Собраниskиот канал и на другите програми, како и за покривање на трошоците за одржување на опремата преку која се емитуваат. Ова неповолно влијае на финансиското работење на претпријатието, а преносот на специјалните сервиси паѓа на товар на средствата прибрани од радиодифузната такса односно на товар на граѓаните. Согласно извршената измена во член 16 став 2 од Законот за основање на ЈП МРД, од април 2009 година, средствата за покривање на трошоците за пренос на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на РМ се обезбедуваат во Буџетот на Собранието на РМ, за што ЈП е должно да изготвува посебен финансиски план за реализација на буџетските средства во соодветната година и извештај за реализација на буџетски средства добиени согласно со овој план за определената финансиска година. ЈП МРД во октомври 2010 година има изработено финансиски план за финансирање на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на РМ за 2011 година, доставен до Владата на РМ и до Министерството за финансии, со барање за средства во износ од 22.118 илјади денари, но истиот не е одобрен и не се обезбедени буџетски средства за 2011 година. За 2010 година ваков посебен

финансиски план претпријатието нема изработено и доставено. Исто така, ЈП МРД има доставено барање за обезбедување на средства во Буџетот на РМ за 2011 година за покривање на трошоците од тековно работење и за финансирање на преносот на програмата за иселеници, во износ од 80.000 илјади денари, на кое е добиен негативен одговор. Ревизијата предлага да се преземат активности од страна на Владата на РМ и надлежните министерства за обезбедување на средства за финансирање на преносот на програмските сервиси за Собранискиот канал и за иселениците согласно член 16 од Законот за основање на ЈП МРД, со што би се покривале расходите кои претпријатието ги прави по тој основ и би се подобрила финансиската состојба.

6.2. Во текот на 2008 година добиени се средства во износ од 10.000 илјади денари, издвоени од тековните резерви на Буџетот на РМ, како финансиска помош на ЈП МРД. До денот на ревизија, овие средства добиени како позајмица, по Одлука на Владата на РМ и договорот за одобрување со Министерството за финансии од 8.08.2008 година, не се вратени во Буџетот на РМ, иако обврската за враќање била до 31.12.2008 година.

6.3. Во вонбилансната евиденција евидентирана е опрема добиени како донација од Владата на Република Кина – Тајван, набавена во 2000 и 2001 година и од Владата на Република Франција и Република Германија, набавена во 2001 и 2002 година, во вкупна вредност од 155.503 илјади денари. Целокупната набавка е извршена преку МТВ, при што краен корисник на опремата е ЈП МРД, на чии локации истата е инсталирана и се користи. Опремата е веќе амортизирана, а ЈП МРД ги одржува овие средства, инвестира во истите, а `сеуште ја нема регулирано сопственоста врз истите. Во изминатите години на неколку пати доставени се писма до МТВ со барање низ законска процедура средствата да се отстапат на ЈП МРД, меѓутоа до денес не се преземени никакви активности од страна на надлежното министерството и Владата на РМ.

**Проект „Компјутер за секое дете“**

6.4. ЈП МРД учествува во реализација на проектот „Компјутер за секое дете“ во делот на инсталација на напонската и комуникациска мрежа за потребите на компјутеризацијата на основните училишта во РМ. Вкупната вредност на цената на услугата според договорите и анекс договорите со МОН изнесува 591.000 илјади денари, а во периодот од 2007 до 31.12.2008 година, добиени се средства на сметка на ЈП МРД во вкупен износ од 656.000 илјади денари, односно на поголем износ за

65.000 илјади денари што произлегува од донесената Одлука на Владата на РМ, за трансфер на средства, од 25 декември 2008 година, на износ од 267.206 илјади денари. Од страна на ЈП МРД не е покрената иницијатива за корекција на износот на средства и за нивно враќање во Буџетот на РМ.

Во периодот од донесување на одлуката до денот на ревизија, ЈП МРД нема изготвено и доставено месечни извештаи за наменското трошење на средства и степенот на реализација до МИО, со што не е постапено по член 2 од Одлуката, ниту пак е извршена контрола на фактичката состојба во ЈП МРД од страна на МИО како што е предвидено во член 3 од Одлуката. Проектот е во завршна фаза, но до денот на ревизијата `сеуште не е целосно завршен. Исто така, `сеуште нема официјален конечен завршен извештај за реализација на обврската на ЈП МРД како дел од проектот.

Со извршената споредба на цената на услугата - инсталација на напонска и комуникациска мрежа во основните училишта во РМ, утврдена со договорите и анекс договорите склучени со МОН во износ од 591.000 илјади денари, и преземените обврски од страна на ЈП МРД по договори, ситуации, сметки и сл. за извршување на услугата во износ од 606.471 илјади денари, се добива разлика за повеќе преземени обврски од страна на ЈП МРД, над договорената вредност на услугата, во износ од 15.471 илјади денари. За овој износ нема писмен документ за одобрување на обврските со кои е зголемена цената на услугата.

Во текот на 2008 година, од средствата трансферирани за извршување на услугата - електрично и комуникациско поврзување на основните училишта во РМ, исплатени се средства за две плати на вработените во ЈП МРД во износ од 13.000 илјади денари, за кои јавното претпријатие нема добиено писмен документ за одобрување на исплатата.

**Проект за дигитализација**

6.5. Во ноември 2008 година од страна на ЈП МРД изработена е Стратегија и Акционен план за премин од аналогна на дигитална земска телевизија, за изградба на дигитална земска ТВ мрежа (1 ДВБ-Т дигитален мултиплекс) со потребни средства за реализација на проектот во износ од 6.140.700 еур, која што е прифатена од Владата на РМ. Согласно овие акти, извршена е измена на Законот за основање на ЈП МРД во април 2009 година во член 7 став 1 ал. 4 и став 2. Во јуни 2010 година извршена е измена на Законот за електронски комуникации, член 75 став 11, во кој е наведено дека ЈП МРД користи радиофреквенции за изградба и работа на електронска комуникациска мрежа за дигитално терестријално емитување преку два национални дигитални мултиплексни системи, што не е во согласност со измената на Законот за основање на ЈП МРД. Во

септември 2010 година, со информацијата за потребни средства за Проектот за дигитализација до Владата на РМ доставен е Акциски план со динамика на имплементација на проектот, кој се однесува на набавка на два ДВБ-Т, со вкупен износ од 10.130.000 еур. На 29.12.2010 година одобрени се средства од Буџетот на РМ, од ставката 464 – разни трансфери, по Одлука на Влада на РМ, врз основа на претходно прибавените мислења од МФ и МТВ, на сметка на ЈП МРД во износ од 1.448.200 еур односно во денарска противредност од 89.355 илјади денари, и покрај тоа што не постојат обврски за плаќање. Имено, договорот за реализација е склучен во март 2011 година, според кој рокот за плаќање на учеството на Владата во износ од 250.000 еур е 30 дена по потпишување на договорот – до 16.04.2011 година. Напред наведеното укажува дека се преземаат активности за изградба на дигитална земска ТВ мрежа преку 2 ДВБ-Т мултиплекс на база на измена во Законот за електронски комуникации кој не е во согласност со Законот за основање на ЈП МРД. Вредноста на проектот е зголемена, при што извршена е измена на динамиката на финансирањето спротивно на претходно утврдената динамика, и извршена е исплата на средства во износ од 89.355 илјади денари, без да постојат обврски за плаќање во 2010 година. Планирањето и одобрувањето на средства од Буџетот на РМ не е извршена согласно реалните потреби за реализација на проектот за дигитализација и оневозможено е користење на средствата на Буџетот во 2010 за други намени на државата.

## Судски постапки

6.6. ЈП МРД води неколку спорови за побарувањата од купувачите (закупци) чиј што главен долг изнесува 15.937 илјади денари, по кои може да произлезат приливи на средства што не може конкретно да се квантифицираат до завршувањето на споровите. Против ЈП МРД се водат судски спорови, главно за обврски према доверители, чиј што главен долг изнесува 8.249 илјади денари и 3 постапки со неопределена вредност, од кои можат да произлезат потенцијални одливи на средства што не може конкретно да се квантифицираат до завршувањето на споровите. Ваквата состојба може да влијае на подобрување односно влошување на финансиското работење на ЈП МРД во идните периоди.

**Судска постапка на РМ во Лондон со Тарбс –Австралија**

Во 2002 година склучен е договор за соработка со Тарбс Австралија -Телевизиски и Радиодифузен сервис Австралија ПТУ Лимитед кој се состои од од 3 дела:

- амандман на Договорот за **права на емитување** помеѓу Телевижн енд радио Бродкастинг Сервисес ПТУ Лимитед и Македонска радио телевизија -1 дел
- **закуп на простор** од сателитски сегмент на Еутелсат Хот Бирд за емитување на МКТВСАТ над Европа -2 дел и
- **грант на опрема** за потребите на изградба на Телепорт центар и управување, контрола и активности на Телепорт Центарот -3 дел.

Министерство за транспорт и врски на Република Македонија, Телевизиски и радио дифузен сервис Австралија ПТУ Лимитед – ТАРБС, Јавното претпријатие Македонска радио телевизија Скопје и Јавното претпријатие Македонска радиодифузија Скопје во текот на 2000 година склучуваат договор за давање права за емитување на програма, за да потоа се склучи Амандман на наведениот договор. Важноста на договорот е пет години, односно до 02.05.2007 година, со што по наведениот датум е предвидено опремата да остане како донација во сопственост на Министерството за транспорт и врски.

Со договорот за соработка склучен помеѓу Владата на РМ преку Министерството за транспорт и врски со Тарбс- Австралија од јули 2002 година, со истекот на важноста на договорот од пет години, односно до 02.05.2007 година, предвидено е опремата предвидена со договорот да остане донација во сопственост на Министерството за транспорт и врски. Поради промена на одредени услови при исполнување на обврските во договорот во 2006 година Владата на РМ го овластила Министерот за транспорт и врски да потпише анекс на договорот за соработка, со важност до 2010 година кој не е потпишан, иако претходно се согласиле сите договорни страни со записник од 29.05.2006 година.

Во јуни 2007 година од страна на Владата на РМ донесена е одлука за прифаќање на опремата и на 29.06.2007 година донесена е одлука со која се задолжува директорот на ЈП МРД да распише меѓународен јавен повик за доставување понуди за издавање под закуп на опремата во Телепорт центарот на заинтересирани домашни и странски правни лица. По објавата и спроведената постапка, Комисијата за јавни набавки од Македонската радио дифузија дала предлог до директорот за прифаќање на понудата од Тарбс.

Во јули 2007 година, министерот за транспорт и врски, формирал комисија која заедно со комисија од ЈП МРД извршиле физички попис на опремата сместена во Телепорт центарот за што составен е извештај од 25.02.2008 година. Комисиите во извештајот утврдиле дека опремата најдена на лице место во голем дел не одговара на договорената опрема која требало да биде донација.

На 30.06.2008 година, се врши комплетно исклучување и затварање на Телепорт центарот по налог на Министерството за транспорт и врски и вклучување на Јавното обвинителство на РМ.

Со ова еднострано се раскинува договорот од 22 јули 2002 година, после кој се поднесува тужба од Министерството за транспорт и врски до меѓународен суд во Лондон за непочитување на обврските по договорот, во однос на стекнувањето на правото на опремата од договорот. Истовремено и Тарбс, Австралија поднесува тужба против Република Македонија – Министерство за транспорт и врски за надомест за загубени пари поради непочитување на договорот.

Согласно наведеното, опремата која требало да се добие како донација по договорот од 2002 година, не е добиена поради што ЈП МРД не располага со вакви опрема.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА - СКОПЈЕ

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| ОПИС | Образло-жениjа | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 40,825 | 23,705 |
| Останати деловни приходи | 3.2. | 79,362 | 192,216 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **120,187** | **215,921** |
| Материјални трошоци | 3.3. | 36,298 | 36,160 |
| Трошоци за бруто плати | 3.4. | 63,696 | 68,476 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3.5. | 36,187 | 87,100 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 3.6. | 1,498 | 10,600 |
| Останати оперативни трошоци | 3.7. | 4,587 | 6,958 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **142,266** | **209,294** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3.8. | 1,691 | 2,604 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3.9. | 1,361 | 3,343 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | | (21,749) | 5,888 |
| Вонредни приходи | 3.10. | - | 15 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | 3.11. | (21,749) | 5,903 |
| **Данок од добивка** | 3.12. | **164** | **687** |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | | (21,913) | 5,216 |

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА - СКОПЈЕ

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1. | 182,062 | 176,643 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2. | 37,619 | 35,048 |
| Други краткорочни побарувања | 4.3. | 5,139 | 5,260 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.4. | 0 | 118 |
| Залихи | 4.5. | 27,144 | 27,318 |
| **Вкупно тековни средства** | | **251,964** | **244,387** |
| | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.6. | 340,133 | 375,122 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **340,133** | **375,122** |
| **Вкупна актива** | | **592,097** | **619,509** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | 4.7. | **161,254** | **161,254** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.8. | 22,204 | 26,356 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.9. | 0 | 3 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 4.10. | 27,269 | 25,413 |
| Останати краткорочни обврски | 4.11. | 6,077 | 35,637 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.12. | 176,116 | 149,208 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **231,666** | **236,617** |
| | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 4.13. | 2,874 | 3,895 |
| | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.14 | 365,360 | 365,360 |
| Резерви | 4.15 | 42,304 | 41,831 |
| Акумулирана добивка | 4.16 | 54,103 | 54,103 |
| Пренесена загуба | 4.17 | 82,297 | 82,297 |
| Загуба за финансиска година | 4.18 | 21,913 | 0 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **357,557** | **378,997** |
| **Вкупна пасива** | | **592,097** | **619,509** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | 4.19. | **161,254** | **161,254** |

| | | | | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| О П И С | Капитал | Резерви | Акумулирана добивка | Пренесена загуба | Загуба од финансиската година | Вкупно |
| **Состојба 01.01.2010 година** | 365,360 | 41,831 | 54,103 | (82,297) | - | 378,997 |
| Уплати на акции | | - | - | | | - |
| Добивка за финансиска 2010 година | | | - | | | - |
| Распределба на добивката за 2009 година во корист на капиталот и резервите | | | | | | - |
| Распределба на добивката за 2009 година за дивиденди | | | | | | - |
| Ревалоризациона резерва за годината | | | | | | - |
| Распределба на ревалоризациона резерва | | | | | | - |
| Загуба за финансиска година | - | - | - | - | (21,913) | (21,913) |
| Покривање на загубата на терет на капиталот | | | | | | - |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | - | 473 | - | - | - | 473 |
| **Состојба 31.12.2010 година** | 365,360 | 42,304 | 54,103 | (82,297) | (21,913) | 357,557 |

| | |
|---|---|
| ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА - СКОПЈЕ | |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2010 ГОДИНА | |
| | во 000 денари |
| | 2010/2009 |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | (21,749) |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 36,187 |
| Приходи од задршки од плата | (131) |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 40 |
| **Готовински текови од работење** | **14,347** |
| Побарувања по основ на продажба | (2,571) |
| Други краткорочни побарувања | 121 |
| Платени трошоци за идните периоди | 118 |
| Залихи | 174 |
| Обврски спрема добавувачи | (4,152) |
| Краткорочни обврски од финансирање | 1,856 |
| Останати краткорочни обврски | (29,560) |
| Одложени плаќања на трошоци | 26,908 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **7,238** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (798) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(798)** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| Обврски по долгорочни кредити | (1,021) |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(1,021)** |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | 5,419 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 176,643 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 182,062 |

**МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА**

-МРД

До

Државен завод за ревизија
ул. Македонија, бр. 12/3
Палата Македонија
91000, Скопје

14.07.2011

19 170/5

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА-СКОПЈЕ" ц.о.
Бр. 03-693/2
13.07.2011 год.
СКОПЈЕ

Предмет: Забелешки по нацрт Извештај за извршена ревизија бр. 19-170/3 од 13.06.2011 год. ( наш приемен број 03-693/2 од 14.06.2011 год. )

Согласно можноста утврдена во член 30, став 2 од Законот за државна ревизија ( Сл. весник на РМ бр. 66 од 13.05.2010 година ) ЈП МРД во прилог наведува определени забелешки и коментари по констатациите и препораките дадени во нацрт Извештајот за извршената ревизија од Државниот Завод за ревизија. При тоа сметаме дека во најголем дел констатациите и препораките дадени по истите соодветствуваат со фактичката состојба. Но, факт е дека МРД уште во текот на ревизијата во дел ги надмина состојбите и пропустите и сметаме дека истото треба да биде децидно наведено во секоја позиција. Едновремено нагласуваме дека речиси сите констатации не се последица од одбивањето на МРД да ја почитува, применува и постапува согласно актуелната регулатива, туку се последица на нерасполагање со соодветен кадар, на пропусти во обработката на поедини документи и документирање на состојби. МРД останува на обврската за почитување на севкупната законска и подзаконска регулатива, што впрочем е обврска.

Во насока на појаснување на изнесените констатации и едновремено несогласување со дел од наведените препораки МРД ги дава следните забелешки и коментари:

## 1. Забелешки на изнесените констатации:

1.1. <u>Точка 4.2.3</u>. –изразуваме несогласување со наодот, а се однесува на изборот или неизборот на членовите на У.О и Надзорниот одбор, како и Директорот, кои не се избрани согласно измените на Законот за основање на ЈП МРД – Скопје од април 2009 година. Сметаме дека мислењето не е правно издржано, поради тоа што ЈП имало именовано членови на У.О и Н.О, согласно одредбите на Законот за основање на ЈП МРД што биле во важност во тој период. Законодавецот при изготвување на измените на постојниот закон никаде не потенцирал, наредил ( преодни и завршни одредби ) дека му престанува мандатот на постојните и дека треба да се именуваат нови членови на У.О и Н.О, како и да се избери Директор во согласност со одредбите кои се опфатени со измените.

1.2. <u>Точка 4.3.1</u>. - МРД има забелешка на констатацијата искажана во алинеја 6 " ... за кои одговорните лица на ЈП МРД имале информации. " МРД останува на тврдењето дека во изминатите три години во сите случаи на спроведен увид, ревизија или на добиено сознание за корисник кој без официјална процедура инсталирал опрема и користи простор на локација со која располага МРД, веднаш е отпочната и спроведена постапка за документирање, потпишување на договор и фактурирање на соодветен износ согласно важечкиот Ценовник и тоа од моментот на фактичкото отпочнување на користење на услугата. Не постои случај актуелното раководство да толерира корисник на услуга без договор и без соодветен надомест. Таквиот однос претставува злоупотреба и МРД со сите средства се обидува да спречи таква

појава. Останува нејасно од каде е констатацијата дека раководството на МРД знаело за таквата ситуација, а истото не го санкционирало?

1.3. Точка 4.4.4. – не сме согласни со наведеното во Ревизорскиот извештај и приговараме на наодите кои се наведни и тоа:

- *точка 4.4.4 став 1, алинеа 1* е наведено дека во постапката за јавна набавка се разгледувани понуди кои се повисоки од планираните средства за набавка, утврдени со Одлуката за јавна набавка, при што не сме постапиле согласно член 28 став 2 и член 140 став 7. Значи со членот 28 став 2 е прецизиран ј минимумот на елементи кои одлуката за јавна набавка треба да ги содржи. Меѓу другите наведено е дека треба да биде наведен износот и средствата потребен за реализација на договорот. Членот 140 став 7 од ЗЈН, укажува дека договорниот орган неприфатливите понуди треба да ги одбие. Членот 3 став 1 точка 24 од ЗЈН конкретизира што е "Прифатлива понуда" - понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, услови и евентуални барања за способност на понудувачите.

Врз основа на погоренаведеното останува нејасно зошто истите понуди да бидат одбиени согласно член 140 став 7 од ЗЈН, кога истите не се во спротивност со членот 3 став 1 точка 24 од ЗЈН. Значи во текот на ревизијата која ја вршевте кај нас увидовте дека располагаме со лимитирани средства и за секоја набавка се оделува минимум обезбедени на средства за реализација на истата. Од друга страна подготвувањето на техничките спецификации се прави професионално и темелно ( на пример техничката спецификација за сервисирање на моторни возила содржи над 1.177 ставки). Значи понувачите кога ќе понудат цена на секоја од тие позиции вкупната вредност на понудата изнесува 5 до 6 пати повеќе од средствата кои се обезбедени за таа набавка. Доколку постапуваме по Вашето укажување никогаш нема да избереме најповолни понудувачи за тие набавки. Затоа од наша страна во тендерската документација ( истото влегува и во договорот ) се потенцира дека набавката ќе се врши до лимитираните средства обезбедени со одлуката за јавна набавка и дека го задржуваме правото да не ги искористиме во целост понудените количини. Договорите кои се склучуваат со носителите на набавката се до износот на средства кои ги имаме планирано и обезбедено. Вашата забелешка ќе беше во ред, доколку во некои од тие договори сме ги надминале обезбедените средства и во тој случај може да стани збор дека правиме прекршок. Сметаме дека поголемо внимание треба да се обрни во делот на реализација на договорите, согласно препораките и директивите од ЕУ, според кои се укажува дека договорот за јавна набавка и реализација на истиот претставува 70 % од целокупната постапка. Во тој дел од страна на МРД нема отстапувања ниту во условите пропишани со тендерстака и техничката спецификација, ниту во цената, ниту во роковите за извршување на набавката.

МРД исклучително води сметка за почитување на Законот за јавни набавки и неговата примена. Доказ што во сите изминати години на МРД не и е оспорена или поништена ниту една одлука за јавна набавка Во тој контекст исто така сакаме да потенцираме дека немаме склучени ниту еден Анекс кон договор за дореализација на некоја набавка.

Врз основа на погоренаведеното сметаме дека оваа забелешка треба да се земе во предвид.

- *точка 4.4.4 став 1 алинеа 2*, согласно Вашиот наод исто така пристигнатите понуди требало да бидат одбиени поради тоа што не била со комплетна документацијата. Во овој случај се работи за набавка на стока – резервни делови, која е од круцијално значење за нормалното функционирање на опремата ( предаватели и репетитори ) на МРД. Значи во прашање е набавка на делови со кои треба да се заменат дефектираните делови на предавателите и репетиторите преку кои се зрачи сигналот на МРД. Резервните делови се наменети за опрема која е набавена пред 6 или повеќе години, при што неможе да се примени членот 99 од ЗЈН, и да се набават резервни делови за опрема произведена од определен - единствен

производител. Дел од тие делови не се произведуваат неколку години назад и не можат да се набават. Законот за јавни набавки не предвидува некаков тип на олеснување за набавка на компатибилна опрема, по што ние сме должни да ги набавиме деловите во постапките кои се пропишани во постојниот закон. Од тие причини Комисијата ги зема во предвид доставените понуди и истите биле предмет на евалуација и избор, по утврдувањето дека понудувачите ги исполнуваат основните услови за утврдување на способност, а квалитетот на понудите е соодветен на барањето од техничката спецификација. Цениме дека во случај кога се работи за единствен производител и за стока за која е неопходно да се обезбеди компатибилност недоставувањето на референтна листа не претставува услов за одбивање на понудата, особено што овие производители со годони наназад ја произведуваат оваа опрема и делови.

- *точка 4.4.4 став 1*, алинеа 3 се согласуваме со истиот, но од страна на членовите на Комисиите за јавни набавки се потпишани Изјава за конфликт на интерес, кои Ви ги доставуваме во прилог.

Прилог:
Изјави

- *точка 4.4.4 став 1, алинеа 4* укажувате дека избраниот понудувач не доставил ДРД образец соодветен за самата набавка. Приоритетна дејност на избраниот најповолниот понудувач му е други телекомуникациски дејности (61.90 согласно со Националната класификација на дејности), но истиот има доставено договор за заеднички конзорциумски настап со „Малиот Принц ДООЕЛ". Согласно со член 40 и 41 од ЗЈН, економскиот оператор може да настапува самостојно или во група на економски оператори.

Прилог:
Договор со Кернел

1.4. Точка 6.4. - МРД има забелешка во однос на изнесената констатација за " превземени се обврски од страна на ЈП МРД над договорената вредност на услугата во износ од 15.471 илјади денари. За овој износ нема писмен документ за одобрување на обврските со кои е зголемена цената на услугата". Пред се договорената вредност на услугата во време на потпишување на договорите со Министерството за образование и наука ( партнер на МРД во реализација на двете фази ) се однесува на две фази – I фаза Проектирање и II фаза Изведба на внатрешна електрична и комјутерска инсталација во 354 основни училишта во РМ , а реализираната вредност е вредност на три фази од Проектот. Третата фаза претставува нова обврска за надворешно енергетско поврзување на електричната инсталација во основните училишта со дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија. Во прилог Ви ја доставуваме Одлуката за трансфер на средства за електрично и комуникациско поврзување на основните училижта во РМ ( бр. 19-7076/1 од 25.12.2008 год. ) и Барање од Министерството за информатичко општество со кое МРД е задолжена да спроведе постапка за изработка на проект и проектен надзор за енергетско поврзување на постојната електрична мрежа во основните училишта со дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија, како и да спроведе постапка за јавна набавка на стоки, услуги и работи за енергетско поврзување на електричната инсталација во основните училишта со дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија, со напомена дека, доколку обезбедените средства не се доволни за сервисирање на обврските од трите фази, Министерствотот ќе обезбеди дополнителни средства од Владата на РМ ( Барање бр. 03-544/1 од 11.05.2009 година ). Министерството за информатичко општество со Одлуката од Влада бр. 19-7076/1 е задолжено за следење на наменското трошење на средствата од член 1 на одлуката и динамиката на извршување на работите од проектот. Истото е реализирано со делегирање на претставник на Министерството во постапката на сите набавки.

Вредноста на реализираните три фази е пониска во однос на обезбедените средства за цца. 60.000 илјади денари и вредност од 1.500 илјади денари во вратени материјали. Што значи МРД не само што не побара дополнителни средства, туку по целосно затворање на проектот МРД ќе ја извести Владата на слободните средства со доставување на Конечен извештај ( во моментот се вршат плаќања по конечни ситуации и фактури ) и ќе предложи Владата да донесе соодветна одлука.

Со самото задолжување на МРД да изврши енергетско поврзување и уплата на средствата на сметката на МРД одобрена е вредноста на овој дел од новата обврска.

МРД ниту една од постапките за јавна набавка или склучување на договори за јавна набавка не превзема обврска без претходна согласност од Министерство за образование и наука, Министерствотот за информатичко општество или Владата на РМ.

МРД истакнува дека во реализација на Проектот ова раководство нема потпишано ниту еден анекс договор, ниту е дозволено надминување на вредноста на некој од договорите, иако таква можност некои од договорите претходно склучени, дозволуваат. Сите договори се реализирани пониско од вредноста на договорите или најмногу до вредноста. Договорите за реализација на III та фаза се склучени по уредно спроведена постапка за јавна набавка и тоа по задолжување од Владата на РМ – Министерство за информатичко општество и во рамки на обезбедените средства.

Прилог:

Одлука бр. 19-7076/1 од 25.12.2008 г.
Барање од Министерството за информатичко општествот бр. 03-544/1 од 11.05.2009 г.
Одлука за јавна набавка и Одлука за избор на најповолна набавка бр. 02-1037 Моби Ел
Одлука за јавна набавка и Одлука за избор на најповолна набавка бр. 02-830 АДГ Пелагонија
Одлука за јавна набавка и Одлука за избор на најповолна набавка бр. 02-815 Роком
Одлука за јавна набавка и Одлука за избор на најповолна набавка бр. 02-445 Флекс Повер
Првите страни од договорите за јавна набавка ( по потреба ќе Ви ги доставиме комплетните договори )

1.3. <u>Точка 4.3.6.</u> – МРД има забелешка на начинот на кој е утврден износот на нефактурирано побарување на МРД од МРТ по основ на линковски преноси во 02, 03 и 12 м. од 2009 год. и од 01 до 12 м. 2010 година. Не се наведува изворот на податоци, но доколку е тоа евиденцијата во Центарот за врски, тогаш не е можно едноставно превземање на евиденцијата, бидејки ваков третман треба да имаат комерцијалните линковски преноси, а не сите преноси по ред. Значи треба да се направи разграничување помеѓу преноси од државен интерес кои немаат комерцијален карактер и останатите кои може да се третираат како комерцијални, но кои не се прифатени од МРТ како такви. ( дополнителен коментар даден е во точка 2.12 )

## 2. Останати коментари по изнесените констатации:

2.2. <u>Точка 4.2.4</u>. – На првата наредна седница на Управниот одбор МРД ќе поднесе предлог за покривање на загубата искажана во изминати години и употреба на добивката искажана со Годишната сметка за 2009 година.

2.3. <u>Точка 4.2.5.</u> – Во МРД нема основано единица за внатрешна ревизија иако во насока на испочитување на законската обврска МРД се обрати до Министерството за финансии за добивање на согласност за вработување на лице со соодветно образование и искуство. Согласност сеуште не е добиена, а МРД не располага со соодветен кадар за таков ангажман.

2.4. <u>Точка 4.2.6</u>. – МРД цени дека во овој момент не постојат реални услови за примена на препораката за искажување на побарувањата и приходот од радиодифузна такса на

пресметковна основа кај ниту еден од корисниците на приходот од радиодифузна такса, особено не во МРД. Ова пред се поради сеуште големиот расчекор помеѓу вредноста на доставените задолжувања за обврзниците и висината на извршената наплата, непречистениот и неусогласен Регистер на обврзници, неможноста за ажурирање на истиот на месечна основа, недоследности во толкувањето на законското решение кај одредени групи обврзници, немањето на законски задолжен субјект кој званично ќе го обелоденува износот на наплатена радиодифузна такса во тек на периодот и разграничување на кој период се однесува искажаниот приход и сл.

2.5. Точка 4.2.7. – МРД има важечки Ценовник за надомест на услуги по кој врши услуги и за истите наплатува соодветен надомест. Постапувањето согласно член 16 од Законот за основање на МРД и донесување на нов Ценовник објективно не било можно во изминатиот период од причина што не беа до крај дефинирани видот и обемот, како и корисниците на дел од услуги. Со доделување на двата мултиплекси, задолжувањето на МРД да отпочне постапка за јавна набавка за Изградба на микробранова и земска терестријална телевизиска мрежа DVB-T на ЈП МРД, обезбедувањето на средства и отпочнување на трансферот, утврдени се услугите кои МРД ќе ги пружа во иднина, а со тоа се создадени потребните предуслови за донесување и усвојување на Ценовникот за услуги. МРД во текот на 2010 година формира работна група која изготви предлог текст на Ценовникот, но без услугите во дигиталната технологија. Во моментот нова работна група работи на дополнување на постојниот предлог. Со именување на новиот состав на Управниот одбор Ценовникот ќе биде даден на усвојување.

2.6. Точка 4.2.9. - МРД отпочнува со целосна ревизија на Сметководствените политики и нивно усогласување со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

2.7. Точка 4.3.1. – МРД превзема активности за надминување на определени недоследности во фактурирањето, наплатата, евидентирањето и следењето на побарувањата од закуп и услуги за обезбедување на енергетско напојување на надворешни корисници. Нагласуваме дека повеќе недоследности наследени од претходните години се надминати во текот на 2010 година, новите договори во се се склучени и реализирани согласно важечкиот Ценовник и утврдена процедура. Дел од недоследностите се надминуваат во од во текот на 2011 година. Целосната ревизија на условите со оглед на локацијата на објектите и потешкотиите кои се јавуваат бараат дополнителен ангажман на луѓе, средства и време.

2.8. Точка 4.3.2. – МРД сака да укаже дека ваквата сосотојба е наследена од претходното раководство. Определени пропусти од пред неколку години се надминуваат постепено и неспорно е дека сеуште не се докрај надминати поради објективни причини. Во тек е целосна ревизија на сите корисници во делот на бројот на локации, условите на користење и другите аспекти, како битен предуслов за изготвување и примена на новиот Ценовник.

2.9. Точка 4.3.3. – Станува збор за пропуст во искажувањето како последица од немањето стручен кадар во Одделението, а не за намерна непримена на донесените законски и подзаконски акти.

2.10. Точка 4.3.4. – Започнати се активности за запишување на сопственоста во надлежните катастри и регулирање на истата во случаи каде за истото постои потреба. Со оглед на бројот на објекти и различните начини на стекнување и финансирање, како и поради обемноста на потребната документација и финансиското обезбедување, цениме дека оваа постапка нема да може да се заврши во текот на 2011 година.

2.11. Точка 4.3.5. – Отпочната е постапката за надминување на недоследностите во искажување на вредностите на материјалните средства во книгата на основни средства и трговските книги со нивно усогласување. Се врши ревизија на функциите на постојното

програмско решение со цел утврдување на причините за констатираниот пропуст. Паралелно се проверува истоветноста на превземените книжења во двете евиденции. По констатирање на причината ќе се превземат активности за усогласување. Едновремено формирана е Комисија за прибирање, утврдување на вредноста на расходуваните средства и покренување на постапка за отуѓување, продажба или друг начин на одлучување за натамошната судбина на истите . Нагласуваме дека спецификата на дел од расходуваните средства, локациите на кои се сместени и трошокот за нивно собирање, посебностите на можноста од нивна делумна употреба во крајни и посебни случаи, се фактор поради кој средствата и покрај одлуката за расход сеуште не се повлечени од локација. Мора да се има увид во посебноста на локациите и условите, за да се проценат можностите од приимена на законските решенија во пракса. Воедно МРД ќе продолжи со праксата за обезбедување на податоци за пазарната вредност на земјиштето од општините во кои МРД располага со сопственост на земјиште.

2.12. Точка 4.3.6. – Ревизијата проценува дека МРД нема фактурирано износ од 93.531,61 еур. приход од МРТ врз основа на надомест за закуп на линковски врски без при тоа да го презентира изворот врз основа на кој е извршена проценката. Факт е дека МРД врши услуга - линковски преноси за потребите на МРТ. Но факт е дека МРТ не ги прифаќа и книжи и претходно доставените фактури, со образложение дека не станува збор за комерцијална, туку услуга која е вклучена во корпусот на услуги финансирани од радиодифузната такса. Евидентно потребен е независен стручен медијатор или арбитар кој ке се изјасни за основаноста на едниот или другиот став. МРД цени дека тоа е Министерството за транспорт и врски, но истото се нема произнесено по ова. Продолжувањето со издавање на фактури во 2010 година за услуга која МРТ не ја прифаќа како комерцијална само дополнително би ја влошило и така тешката финансиска состојба на МРД. Неизвесноста од наплата на ваков приход е преголема за МРД да продолжи со изготвување и достава. Колку за дообјаснување МРД е на став дека поради недоречености во законот за радиодифузна дејност не е можно постапување во овој случај и токму од тие причини во текот на постапката на изработка на новиот Закон за радиодифузна дејност, која е во тек, поднесе барање за измена во дефинирање на употребата на средствата од радиодифузна такса или друг вид на преформулација, каде јасно ке се дефинира намената на средствата од овој извор во делот на обезбедување на услугите кон јавниот радиодифузен сервис.

2.13. Точка 4.3.7. – МРД ги има утужено сите коминтенти за кои побарувањата во моментот на изготвување на тужбените барања биле доспеани и за кои не постоеле услови за компензација или друг начин на наплата. Исклучок е побарувањето од МРТ кое претставува близу 85% од искажаниот податок и кое не е утужено поради причините искажани во претходната точка.

2.14. Точка 4.3.8. – МРД постапи или ќе постапи по дадената препорака, ќе спроведе соодветни книжења и истото ќе биде обелоденето во Финансиските извештаи за 2011 година.

2.15. Точка 4.3.9. – Не станува збор за ненавремено и нередовно евидентирање на обврските во трговските книги, туку за обврски за кои фактури не се примени во МРД или биле добиени, а овластените лица истите од определени причини не ги потврдиле. МРД постапи по препораката, обезбеди преписи и ги искажа истите во трговските книги. Во меѓувреме изготвени се и потпишани Записници за усогласување на книговодствената вредност, а во дел обврските се платени.

2.16. Точка 4.3.10. – МРД покренува постапка во која ќе постапи по препораката на државниот ревизор. Паралелно ќе биде покрената иницијатива за отпис до Владата на РМ заедно со други јавни претпријатија.

2.17. Точка 4.3.11. – Постапено по препораката на државниот ревизор и истото ќе биде презентирано во Финансиските извештаи за 2011 година.

2.18. Точка 4.4.2. – МРД со Годишната сметка за 2010 година искажа загуба од работењето, а во текот на годината во котинуитет се соочуваше со неликвидност и неможност за сервисирање на обврските. Уплатата на овие средства би ја влошило и така тешката состојба на МРД.

2.20. Точка 6.2. – МРД не да не сака, туку нема можности да врати средства во износ од 10.000 илјади денари добиени од Буџетот на РМ со обврска за враќање.

2.21. Точка 6.4. – МРД го реализира Проектот Компјутер за секое дете врз основа на задолжение од Владата на РМ и договори за обезбедување на средства со Министерството заобразование и наука. Вкупната вредност на договорите и анекс договорите изнесува 591.000 илјади денари. Со последната уплата на средства врз основа на одлука на Владата на сметката на МРД уплатени се 656.000 илјади денари. Разликата од 65.000 илјади денари е наменете за реализација на III та фаза од Проектот – енергетско поврзување на основните училишта со дистрибутивната мрежата на ЕВН Македонија, активност за која потребата е констатирана во текот на реализација на II та фаза и без која не би било можно напојувањето и употребата на компјутерската инсталација, а со тоа би се довела во прашање и целисходноста на Проектот. Истото е дадено како ново задолжување на МРД од Министерството за информатичко општество.

МРД очекува Државниот завод за ревизија да ги прифати забелешките дадени во точка 1, еднакво како и да прифати дел од останатите коментари по наведените констатации како објективни причини за изнесените наоди. Особено цениме дека треба да се наведе дека МРД ги прифатила и веќе постапила по сите препораки по кои било можно уште во текот на ревизијата.

Со почит,

Љиљана Г. Чулева
Влатко Стојанов

ЈП Македонска радиодифузија
Директор
Јулијана Спировска

ПРИЛОГ 4

## ОДГОВОР

на забелешки по констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година кај Јавното Претпријатие Македонска радиодифузија

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија за 2010 година добиени се забелешки од директорот на претпријатието, под број 03-693/2 од 13.07..2011 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 19-170/5 од 14.07.2011 година.

Забелешките се доставени во законски утврдениот рок.

Забелешката на наодот од точката **4.2.3.** од Нацрт извештајот, кој се однесува на неименувањето на членови на Управниот и Надзорен одбор на ЈП МРД од страна на Основачот – Владата на РМ, согласно член 10 став 2 и 3 и член 13 од измените и дополнувањата на Законот за основање на ЈП МРД, од април 2009 година, а како резултат на тоа, директорот на ЈП МРД нема склучено договор со Управниот одбор за уредување на односите со јавното претпријатие, како што е предвидено во член 15 став 3 од наведениот закон и член 24 од Законот за јавните претпријатија, **не се прифаќа,** од причина што со самото носење на измените на законот, постои обврска за целосна примена на одредбите од истиот, со денот на влегување во сила од 21 април 2009 година, со посебно назначена одредба за усогласување на Статутот со измените во законот во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на истиот. Во преодните и завршни одредби на измените на законот не постои одложена примена на одредени членови на овој закон. Со самото менување и усогласување на Статутот, согласно утврдениот законски рок, кое што `сеуште не е направено, а кој треба, покрај останатото, да ги содржи и измените на начинот на избор, условите кои треба да ги исполнуваат и работите кои се во надлежност на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор, следува обврската за нивно именување согласно измените на законот од страна на основачот на јавното претпријатие. Во спротивно, значи непостапување и непочитување на законските прописи.

Забелешката на наодот во точката **4.3.1.** од Нацрт извештајот, што се однесува на утврдени неправилности при пресметувањето и наплатата на побарувањата по основ на давање на простор под закуп, детално објаснети и наведени во девет алинеи од наодот, **не се прифаќа,** од причина што пред да се изврши

монтирање на опремата корисниците доставуваат барања до јавното претпријатие за добивање на дозвола од страна на одговорните лица во ЈП МРД, а при тоа не е навремено направен записник за монтирана опрема и не е склучен договор за даден простор под закуп.

Забелешката на наодот од **точка 4.4.4** став 1 алинеја 1 која се однесува на склучување на договори над вредноста на обезбедените средства со Одлуките број 04-825/2 од 03.09.2010 и 05-714/2 од 21.07.2009 за јавни набавки делумно се прифаќа во насока на изземање на членот 140 став 7 од наодот. Согласно член 28 став 2 од Законот за јавни набавки договорниот орган со одлука го утврдува предметот и количината на набавката, износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот. Во одлуката се наведува проценетата вредност на набавката со вклучен ДДВ. Според тоа во одлуките за јавни набавки треба да се вклучи целокупниот износ што ќе се исплати за реализација на договорот, вклучувајќи го и ДДВ што не е случај кај цитираните набавки односно склучени се договори над обезбедените средства со Одлука.

Забалешката на наодот од **точката 4.4.4.** став 1 алинеа 2 **не се прифаќа** поради тоа што договорниот орган склучил договори односно извршил евалуација на не комплетни понуди кои согласно Законот за јавни набавки се неприфатливи.

Забелешката на наодот од **точката 4.4.4.** став 1 алинеја 3 кој се однесува на содржината на досието за јавната набавка и постоењето на изјави за постоење/непостоење на судир на интереси, **не се прифаќа.** Имено иако во фазата на правна заштита односно со забелешките на нацрт извештајот од субјектот дополнително се доставени Изјави за непостоење на судир на интереси кај постапките со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас за 2010 година, ревизијата не ги прифаќа од причини што истите треба да бидат дадени во фазата/периодот на спроведување на постапката и пред склучување на договорот.

Забелешката на наодот од **точката 4.4.4.** став 1 алинеја 4 кој се однесува на докажување за регистрирана дејност**, не се прифаќа**. Субјектот дополнително достави Договор за заеднички конзорциумски настап и изјави за потписник на конзорциум склучени помеѓу „Кернел Македонија„ ДОО и „ Малиот Принц„ ДООЕЛ кои ревизијата не ги прифаќа од причини што иститите не се архивски заведени од двете страни и не преставуваат веродостоен доказ.

Забелешката на констатацијата во **точката 6.4.** од делот за Нагласувањето на прашањата за неизвесност или континуитет во Нацрт извештајот, која се однесува на учеството во реализацијата на проектот „Компјутер за секое дете“ во делот на преземањето на обврски од страна на ЈП МРД над договорената вредност на услугата во износ од 15.471 илјади денари, **не се прифаќа,** од

причина што во забелешките не се доставени нови докази за промена на констатацијата односно не е приложена соодветна документација од надлежните институции и Владата на РМ за одобрување на преземените дополнителни активности и обврски од страна на ЈП МРД во овој проект, што се потврдува и со самото дадено образложение во забелешките дека ЈП МРД ќе предложи Владата да донесе соодветна одлука. Барањето од МИО, број 03-544/1 од 11.05.2009 година, не е писмен документ за одобрување на дополнителните активности без претходно одобрување од Владата на РМ, без проширување на проектот и без склучување на договор за извршување на одредена услуга помеѓу МИО и ЈП МРД со кој ќе бидат регулирани правата и обврските на договорните страни согласно Законот за облигационите односи. Одлуката од Владата на РМ, 19-7076/1 од 25 декември 2008 година се однесува на трансфер на средства за довршување на проектот, односно согласно член 2 од одлуката се задолжува ЈП МРД да ги доврши започнатите работи, а за наменското трошење на средствата и за степенот на реализација да доставува извештаи еднаш месечно до МИО. По разгледување на одлуката за трансфер на средствата, на 26.12.2008 година одржана е средба на која присуствувале претставници од МОН и од ЈП МРД, и изготвен е договор за спогодбено раскинување на договорите и анекс договорите со МОН, број 03-1505/1 од 26.12.2008 година.

Забелешката на наодот во точката **4.3.6.** од Нацрт извештајот, која се однесува на неевидентирани побарувања од ЈП МРТ во вкупен износ од 93.531,61 еур односно во денарска противвредност од 5.752 илјади денари, поради неизвршено фактурирање за извршени услуги – надоместок за закуп на линии кои имаат комерцијален карактер, **не се прифаќа**, од причина што, согласно т 6.2 од Спогодбата за регулирање на меѓусебните односи во финансирањето на активностите од заеднички интерес, од 26.07.2005 година, која е во важност, износот е пресметан на база на пресметки за извршени услуги кои имаат само комерцијален карактер, а во забелешките не се приложени нови докази за промена на наодот.

Сите останати коментари по изнесените констатации во Нацрт извештајот кои се дадени во забелешките од субјектот се однесуваат на дадени појаснувања и образложенија за причините поради кои се настанати одредени состојби со што се потврдуваат наодите во извештајот и се наведуваат преземените конкретни мерки и активности за спроведување на препораките дадени од ревизијата.